

**ЧЕТВРТА КАРТА СО ОЦЕНКА ОД ЗАЕДНИЦАТА** ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА ВО ТЕКОТ НА БРЕМЕНОСТА, ПОРОДУВАЊЕТО И ПО ПОРОДУВАЊЕТО МЕЃУ РОМКИТЕ ОД ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ

# ЧЕТВРТА КАРТА СО ОЦЕНКА ОД ЗАЕДНИЦАТА

Х.Е.Р.А. – Асоцијација за здравствена едукација и истражување, во Скопје, 2016

**www.hera.org.mk**

Картата со оценка на заедницата претставува истражување за состојбите на здравствената заштита и правата кај жените Ромки во Шуто Оризари во текот на бременоста и по породувањето. Таа претставува една од алатките за мониторинг од заедницата и имаше за цел жените Ромки од општината активно да се вклучат во следење и оценување на пристапот и квалитетот на услугите во текот на бременоста и по породувањето. Истражувањето е концепирано преку две стратегии, односно зајакнување на жените преку нивна мобилизација во активностите на истражувањето и следење на квалитетот и достапноста на услугите. Ова истражување беше спроведено во соработка со ромската невладина организација Амбрела и со поддршка од Фондација отворено општество Македонија.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

364-787.9(=214.58:497.711)(047)
614.2:618.2(=214.58:497.711)(047)

ЧЕТВРТА карта со оценка од заедницата за здравствена заштита во текот на бременоста, породувањето и по породувањето меѓу Ромките од општина Шуто Оризари. - Скопје : Асоцијација за здравствена едукација и истражување ХЕРА, 2016. - 16 стр. : граф. прикази ; 30 см

ISBN 978-608-4598-59-6

а) Жени Ромки - Перинатална заштита - Шуто Оризари - Истражувања
COBISS.MK-ID 101466634

# ЦЕЛ:

Целта на истражувањето е Ромките што живеат во општина Шуто Оризари да ги оценат и да ја следат достапноста и пристапот до здравствени услуги во текот на бременоста, породувањето и во периодот по породувањето.

# МЕТОДОЛОГИЈА:

Изработена е карта со оценка за квалитетот и за пристапот до услуги во текот на бременоста преку наоди од спроведени полуструктурирани интервјуа со Ромки (98), матични гинеколози (6) и патронажни сестри (3) кои обезбедуваат услуги за Ромките во самата заедница или во најблискиот регион на Шуто Оризари. За изработка на картата се користат боите на семафорот, при што црвената боја означува позитивни одговори до 50%, жолтата боја го изразува процентот од 50 до 75, додека зелената боја се однесува на позитивни одговори над 75%.

# РЕЗУЛТАТИ ОД ТРЕТА КАРТА СО ОЦЕНКА ОД ЗАЕДНИЦАТА:

Ромките  од Шуто Оризари, матичните гинеколози и патронажните сестри ги даваат следниве оценки за достапноста и пристапот до здравствените услугите во текот и по бременоста:

| | |
|---|---|
| ОПФАТ СО МАТИЧЕН ЛЕКАР | 90,1% |
| ИНФОРМИРАНОСТ НА РОМКИТЕ ЗА ТРОШОЦИТЕ И ЗА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ ВО ТЕКОТ НА БРЕМЕНОСТА | 56,4% |
| ПРАКТИКИ НА РОМКИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО ТЕКОТ НА БРЕМЕНОСТА | 73,2% |
| СОРАБОТКА НА ПАТРОНАЖНА СЛУЖБА СО РОДИЛИШТА И СО МАТИЧНИ ГИНЕКОЛОЗИ | 66,7% |
| ТРОШОЦИ НА УСЛУГИ ВО ТЕКОТ НА БРЕМЕНОСТА | 50,5% |
| ОБЕМ НА УСЛУГИ ВО ТЕКОТ НА БРЕМЕНОСТА КАЈ МАТИЧЕН ГИНЕКОЛОГ | 54,5% |
| КОМУНИКАЦИЈА НА ЗДРАВСТВЕН ПЕРСОНАЛ СО РОМКИ ВО КАБИНЕТОТ НА МАТИЧНИОТ ГИНЕКОЛОГ | 57,8% |
| ПОСЕТИ ОД ПАТРОНАЖНА СЕСТРА | 44% |
| ОБЕМ И КВАЛИТЕТ НА УСЛУГИ ОД ПАТРОНАЖНА СЕСТРА | 40,4% |
| ИСКОРИСТЕНОСТ НА МЕРКИТЕ ОД ПРОГРАМАТА ЗА ЗДРАВСТВЕНА  ЗАШТИТА НА МАЈКИТЕ И ДЕЦАТА ВО РМ | 13,6% |
| ПОРОДУВАЊЕ | 91,3% |

**ЗАКЛУЧОК:** И по четврта година од следењето на здравствените услуги кои ги добиваат бремените жени од Шуто Оризари, опфатот на бремените Ромки од страна на патронажната служба останува на ниско ниво, а обемот и квалитетот на услугите од патронажните сестри бележи постојан тренд на опаѓање. Податоците од терен покажуваат дека мерките од Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата не одговараат на потребите на бремените жени, ниту пак стигнуваат до крајните кориснички во практика. Иако е забележен тренд на подобрување на состојбата со трошоците во текот на бременоста,  во ординациите на матичните гинеколози на Ромките сè уште незаконски им се наплаќаат дополнителни средства за услугите кои им следуваат бесплатно со здравственото осигурување. Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување неопходно е да преземат долгорочни мерки за да обезбедат бесплатни услуги за бремените жени од ранливите групи и да изнајдат решенија за целосно спроведување на мерките од превентивните програми кои се наменети за бремените жени. Потребно е здравствените власти да го зголемат бројот на вработени патронажни сестри и да обезбедат теренски возила, за да опфатат сите бремени жени со патронажна служба.

# СПОРЕДБА НА НАОДИ ОД СПРОВЕДЕНИ КАРТИ СО ОЦЕНКА НА ЗАЕДНИЦАТА:

| ОБЛАСТ | ПРВА КАРТА (ЈУНИ 2013) | ВТОРА КАРТА (МАРТ 2014) | ТРЕТА КАРТА (НОЕМВРИ 2014) | ЧЕТВРТА КАРТА (ДЕКЕМВРИ 2015) | ПРОМЕНИ |
|---|---|---|---|---|---|
| ОПФАТ СО МАТИЧЕН ЛЕКАР | 85,7% | 89,1% | 90% | 90,1% | ▲ 0,9% |
| ИНФОРМИРАНОСТ НА РОМКИТЕ ЗА ТРОШОЦИТЕ И ЗА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ ВО ТЕКОТ НА БРЕМЕНОСТА | 48,4% | 39,3% | 50,3% | 56,4% | ▲ 6,1% |
| ПРАКТИКИ НА РОМКИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО ТЕКОТ НА БРЕМЕНОСТА | 76,3% | 78,9% | 73% | 73,2% | ▲ 0,2% |
| СОРАБОТКА НА ПАТРОНАЖНА СЛУЖБА СО РОДИЛИШТА И СО МАТИЧНИ ГИНЕКОЛОЗИ | 44,4% | 69,4% | 69,4% | 66,7% | ▼ 2,7% |
| ТРОШОЦИ НА УСЛУГИ ВО ТЕКОТ НА БРЕМЕНОСТА | 45,6% | 51,1% | 47,2% | 50,5% | ▲ 3,3% |
| ОБЕМ НА УСЛУГИ ВО ТЕКОТ НА БРЕМЕНОСТА КАЈ МАТИЧЕН ГИНЕКОЛОГ | 66,2% | 66,3% | 50% | 54,5% | ▲ 4,4% |
| КОМУНИКАЦИЈА НА ЗДРАВСТВЕН ПЕРСОНАЛ СО РОМКИ ВО КАБИНЕТОТ НА МАТИЧНИОТ ГИНЕКОЛОГ | 66,1% | 66,3% | 58,3% | 57,8% | ▼ 0,5% |
| ПОСЕТИ ОД ПАТРОНАЖНА СЕСТРА | 44,5% | 47,2% | 46% | 44% | ▼ 2% |
| ОБЕМ И КВАЛИТЕТ НА УСЛУГИ ОД ПАТРОНАЖНА СЕСТРА | 65,4% | 63,2% | 42% | 40,4% | ▼ 1,6% |
| ИСКОРИСТЕНОСТ НА МЕРКИТЕ ОД ПРОГРАМАТА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА МАЈКИТЕ И ДЕЦАТА ВО РМ | / | / | 11% | 13,6% | ▲ 2,6% |
| ПОРОДУВАЊЕ | / | / | 100% | 91,3% | ▼ 8,7% |

# ЧЕТВРТА КАРТА СО ОЦЕНКА ОД ЗАЕДНИЦАТА ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА ВО ТЕКОТ НА БРЕМЕНОСТА МЕЃУ РОМКИТЕ ОД ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ

Во општината Шуто Оризари четврта година по ред се спроведува иницијативата - **Мониторинг од заедницата на здравствената заштита во текот на бременоста,** преку којашто самата заедница одблиску го следи спроведувањето на законите и политиките со коишто државата треба да им ги гарантира правата од областа на репродуктивното здравје.

Како дел од оваа иницијатива, на крајот на 2015 година беше изработена **Четвртата карта со оценка од заедницата** која е направена од страна на Ромките од Шуто Оризари со техничка поддршка од страна на здруженијата ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување и Амбрела.

Беа спроведени вкупно 98 интервјуа со Ромки кои живеат во општината Шуто Оризари (Ромки кои се бремени и кои се наоѓаат од седми до деветти месец од својата бременост или пак жени кои се породиле во последните шест месеца). Интервјуата беа направени од страна на обучени лица од самата заедница или од локалните здруженија кои работат на територија на Шуто Оризари и кои добро го познаваат теренот. Интервјуата беа спроведени преку спроведување на домашни посети на жените Ромки кои живеат во оваа општина.

За изработка на Картата со оценка на заедницата беа направени интервјуа со шест матични гинеколози кои имаат гинеколошки ординации лоцирани во општините Чаир, Гази Баба и Центар. Дополнително беше направено интервју со еден гинеколог којшто нуди услуги во гинеколошка ординација во здравствениот дом Шуто Оризари (ангажиран со времената мерка на Министерството за здравство предвидена во Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата), како и интервјуа со три патронажни сестри од Поликлиниката - Бит пазар, кои нудат теренски услуги на територијата на општината Шуто Оризари.

## ДЕМОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И СОЦИОЕКОНОМСКИ СТАТУС НА РОМКИТЕ ШТО СЕ ОПФАТЕНИ СО ИСТРАЖУВАЊЕТО:

**99%** од Ромките што беа опфатени со истражувањето се **невработени;**

**63%** од семејствата на опфатените жени се **приматели на социјална парична помош;**

**38%** 21-25 години

**18%** 26-30 години

според **возрасната група,** најголем процент од жените се на возраст од 21 до 25 години (38%), 18% се на возраст од 26 до 30 години, 17% од опфатените жени се на возраст од 18 до 20 години и 14% се на возраст од 16 до 18 годишна возраст.

**17%** 18-20 години

**14%** 16-18 години

1

## ОПФАТ СО МАТИЧЕН ЛЕКАР

**Резултатот во оваа област не бележи промени во однос на претходното истражување и опфатот со матичен гинеколог заедницата повторно го оценува со зелена боја.** Дванаесет проценти од жените немаат избрано матичен гинеколог поради тоа што не се здравствено осигурени. Петнаесет проценти од сите испитанички пријавиле дека најмалку еднаш биле одбиени при обидот да изберат свој матичен гинеколог.




2

## ИНФОРМИРАНОСТ НА РОМКИТЕ ЗА ТРОШОЦИТЕ И ЗА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ ВО ТЕКОТ НА БРЕМЕНОСТА

**Информираноста на Ромките за трошоците и за здравствените услуги во текот на бременоста во споредба со претходните истражувања бележи постојан тренд на зголемување (зголемување од 6,1% во споредба со претходната карта) и оваа област повторно е оценета со жолта боја или 56,4%.** Околу половина или 53% од Ромките знаат дека треба да бидат посетени од патронажна служба во текот на бременоста. Во однос на информациите кои се поврзани со трошоците за здравствените услуги, дури 89% од Ромките знаат дека услугата ЕХО-преглед им следува бесплатно кај избраниот матичен гинеколог.

### 2.1. ИНФОРМИРАНОСТ ЗА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ ВО ТЕКОТ НА БРЕМЕНОСТА



## 2.2. ИНФОРМИРАНОСТ НА РОМКИТЕ ЗА ТРОШОЦИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ ВО ТЕКОТ НА БРЕМЕНОСТА




# 3

## ПРАКТИКИ НА РОМКИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО ТЕКОТ НА БРЕМЕНОСТА

**Во оваа област нема измени и повторно е оценета со жолта боја (73%).** Голем процент од испитаничките (83%) посетиле матичен гинеколог во текот на првите 3 месеца од бременоста. Во однос на бројот на посетите кај матичниот гинеколог резултатите покажуваат дека 46% од Ромките направиле 7-10 посети, а 35% го посетиле гинекологот 4-6 пати во бременоста. Жените кои го посетиле матичниот гинеколог помалку од 7 пати, како главна пречка за редовна посета на гинекологот го наведуваат недостатокот на финансиски средства. Иако бележи благ пораст, се уште е низок процентот на Ромки коишто го посетиле матичниот гинеколог по породувањето (26%).

**Наодите од заедницата, во најголем дел, се совпаѓаат со изјавите на матичните гинеколози за практиките на Ромките на коишто им нудат здравствени услуги.**

### ПРАКТИКИ НА РОМКИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА ВО ТЕКОТ НА БРЕМЕНОСТА



## 4

## СОРАБОТКА НА ПАТРОНАЖНА СЛУЖБА СО РОДИЛИШТА И СО МАТИЧНИ ГИНЕКОЛОЗИ

**Резултатите од четвртото истражување покажуваат дека процентот во оваа област се намалил за 2,7% и е повторно оценета со жолта боја.** Четвртата карта покажува дека 50% од матичните гинекolози изјавиле дека доставуваат информации за пациентките кои се бремени до патронажната служба (зголемување за 17% во споредба со претходната карта). Од друга страна, соработката со родилиштата од страна на патронажите сестри е оценета 100%, а соработката со матичните гинеколози со 50%.




## 5

## ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ ВО ТЕКОТ НА БРЕМЕНОСТ

**Оваа област бележи подобрување за 3,2% во споредба со претходната карта и повторно се оценува со жолта боја.** Иако постојните законски и подзаконски акти предвидуваат секоја бремена жена да добива целосно бесплатни услуги, дури на 83% од бремените Ромки им било наплатено за ЕХО – прегледот од страна на избраниот матичен гинеколог.

**Оценка: 50,4 %**

**ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ ВО ТЕКОТ НА БРЕМЕНОСТА**



## 6

## ОБЕМОТ НА УСЛУГИ ШТО ГИ ДОБИВААТ РОМКИТЕ ВО ТЕКОТ НА БРЕМЕНОСТА ОД СТРАНА НА МАТИЧНИОТ ГИНЕКОЛОГ

**Оваа област бележи подобрување за 4,4% во споредба со претходното истражување и повторно се оценува со жолта боја.**

Само на 32% од испитаничките им бил измерен крвниот притисок при секоја посета во кај матичниот гинеколог.

Наодите од заедницата, во најголем дел, не се совпаѓаат со изјавите на матичните гинеколози за услугите што ги нудат на бремените Ромки.

### ОБЕМ НА УСЛУГИ ВО ТЕКОТ НА БРЕМЕНОСТА




## 7

## КОМУНИКАЦИЈА НА ЗДРАВСТВЕНИОТ ПЕРСОНАЛ СО РОМКИТЕ ВО ОРДИНАЦИЈАТА НА МАТИЧНИОТ ГИНЕКОЛОГ

Во оваа област нема промени во споредба со претходното истражување и е повторно оценета со жолта боја. Шеесет и три проценти од испитаничките се задоволни од односот на гинеколоот и медицинска сестра, додека 49% од нив добиле информации и совети кои им биле разбирливи и јасни.

### КОМУНИКАЦИЈА И ОДНОСОТ НА ЗДРАВСТВЕНИОТ ПЕРСОНАЛ КОН РОМКИТЕ ВО КАБИНЕТОТ НА МАТИЧНИОТ ГИНЕКОЛОГ



8

## ПОСЕТИ ОД ПАТРОНАЖНА СЕСТРА

Оваа област бележи намалување за 2% и повторно е оценета со црвено. Иако со Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца, Ромките како посебно ранлива група треба да бидат посетени и повеќе од двапати во текот на бременоста од патронажната сестра, само 5,8 % од испитаните бремени жени биле посетени еднаш во текот на бременоста (опаѓање за 9% проценти во споредба со претходната карта).
Од друга страна, процентот на посетите од страна на патронажната служба помеѓу жените кои се породиле се зголемил за 5% и изнесува 82%.

ПОСЕТИ ОД ПАТРОНАЖНА СЕСТРА




9

## ОБЕМ И КВАЛИТЕТ НА УСЛУГИ ОД ПАТРОНАЖНА СЕСТРА

**Резултатот во оваа област е намален за 1,6% во споредба со претходното истражување и повторно е оценет со црвена боја.** Ниту една од жените која била посетана од страна на патронажна сестра додека била бремена, не добила информација за: предупредувачки знаци за предвремено породување; совет за редовна контрола кај матичен гинеколог; информации за правото на бесплатно породување; советување за грижа на новороденче и доење; и советување за спречување на несакана бременост. Од друга страна половина од испитаничките се задоволни од односот на патронажните сестри и начинот на нудење на информациите и советите.

### 9.1. УСЛУГИ ШТО СЕ ДОБИЕНИ ОД ПАТРОНАЖНАТА СЕСТРА



### 9.2. ЗАДОВОЛСТВО ОД ОДНОСОТ НА ПАТРОНАЖНАТА СЕСТРА




### 9.3. РАЗБИРЛИВОСТ И ЈАСНОСТ НА ИНФОРМАЦИИТЕ ДАДЕНИ ОД ПАТРОНАЖНАТА СЕСТРА




## 10 ПОРОДУВАЊЕ

**Породувањето се оценува по вторпат со ова истражување и заедницата дава зелено светло на оваа област.** 97,8% од Ромките кои учествуваа во истражувањето и кои се породиле во текот на последните 6 месеца, породувањето го направиле во болнички услови со поддршка на медицински тимови, а една испитаничка се породила во домашни услови. Дури 17,4% од породените жени, пријавиле здравствен проблем поврзан со новороденото (починато новородено дете, инфекции кај новородено, престој во инкубатор поради предвремено раѓање), а 6,5% од породените жени пријавиле дека се соочиле со проблем во текот на породувањето (компликации при раѓањето).

### ПОРОДУВАЊЕ



ИСТРАЖУВАЊЕТО ПОКАЖА ДЕКА

# ВО 2015 ГОДИНА

ВО ШУТО ОРИЗАРИ:

ЕДНА ЖЕНА

# СЕ ПОРОДИЛА

ВО ДОМАШНИ УСЛОВИ

ВО СЕДМИОТ МЕСЕЦ ОД БРЕМЕНОСТА

# СО МРТОВ ПЛОД

ЕДНА ЖЕНА

# ПОЧИНАЛА

ДВЕ НЕДЕЛИ

## ПО ПОРОДУВАЊЕТО

---

ЕДНО НОВОРОДЕНЧЕ

# ПОЧИНАЛО

ВО БОЛНИЦА, ДВА ДЕНА

## ПО ПОРОДУВАЊЕТО

**11**

## ИСКОРИСТЕНОСТ НА МЕРКИТЕ ОД ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА МАЈКИТЕ И ДЕЦАТА ВО РМ ЗА 2015 ГОДИНА

**Оваа област се оценува за втор пат со ова истражување и заедницата повторно ги оценува со црвено мерките од Програмата за активна заштита на мајките и децата во РМ за 2015 година, кои во практика не одговараат со потребите на заедницата.** Иако во рамките на Програмата втора година е превидена дистрибуција на бесплатна фолна киселина во текот на бременоста, како и минатата година оваа мерка не ја искористила ниту една бремена жена.

### ИСКОРИСТЕНОСТ НА МЕРКИТЕ ОД ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНА ЗАШТИТА НА МАЈКИТЕ И ДЕЦАТА ВО РМ ЗА 2015 ГОДИНА




## ОБЕМ/ТИПОВИ НА УСЛУГИ КОИ СЕ НУДАТ ВО ГИНЕКОЛОШКАТА АМБУЛАНТА:

| | СЕ НУДИ | НЕ СЕ НУДИ |
|---|---|---|
| | Во амбулантата пациентките ги добиваат следните услуги: | Во ординацијата не се нудат услугите од матичен гинеколог: |
| | Вагинален преглед (по индикација)<br>ЕХО-преглед (скоро на сите)<br>Совети за исхрана во текот на бременост<br>Советување за контрацепција | Не се прават ПАП тестови и микробилошки брисеви<br>Не се издаваат упати за преглед на крв и урина<br>Не се мери крвен притисок<br>Не се следи бременост<br>Не се упатуват на преглед за откривање аномалии (вродени дефекти) на ембрионот<br>Не се упатува до болница за породување или за следење на здравствената состојба на бремените жени |

## СЛЕДЕЊЕ НА РАБОТАТА НА ГИНЕКОЛОШКАТА ОРДИНАЦИЈА ВО ШУТО ОРИЗАРИ

(ВРЕМЕНА МЕРКА ВО ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА МАЈКИТЕ И ДЕЦАТА)

| ФАКТИЧКА СОСТОЈБА | |
|---|---|
| ГИНЕКОЛОШКАТА АМБУЛАНТА Е ОТВОРЕНА ВЕЌЕ 17 МЕСЕЦИ | АМБУЛАНТАТА БЕШЕ ОТВОРЕНА КАКО ВРЕМЕНА МЕРКА ПРЕДВИДЕНА ВО ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА МАЈКИТЕ И ДЕЦАТА ВО 2014 ГОДИНА, СЕ ДОДЕКА ЗДРАВСТВЕНИТЕ ВЛАСТИ НЕ ОБЕЗБЕДАТ МАТИЧЕН ГИНЕКОЛОГ ВО ОПШТИНАТА. |
| ВО МОМЕНТОТ 8 ГИНЕКОЛОЗИ НУДАТ УСЛУГИ (СЕКОЈ ГИНЕКОЛОГ 2 ПАТИ МЕСЕЧНО) | ГИНЕКОЛОЗИТЕ КОИ НУДАТ УСЛУГИ ВО ОВАА АМБУЛАНТА НЕ СЕ МАТИЧНИ ГИНЕКОЛОЗИ, ТУКУ СЕ СПЕЦИЈАЛИСТИ ГИНЕКОЛОЗИ-АКУШЕРИ ВРАБОТЕНИ ВО ДРУГИ ЗДРАВСТВЕНИ ИНСТИТУЦИИ КОИШТО ПРИВРЕМЕНО ДОАЃААТ ДА НУДАТ ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ВО ОВАА АМБУЛАНТА. |
| ОД ЈАНУАРИ 2015 ДО НОЕМВРИ 2016 ГОДИНА 256 ЖЕНИ ЈА ПОСЕТИЛЕ ОРДИНАЦИЈАТА | ОД ЈУЛИ ДО НОЕМВРИ 2014 ГОДИНА ОРДИНИНАЦИЈАТА ЈА ПОСЕТИЛЕ 300 ПАЦИЕНТИ<br>(ВО 2015 ЗА 62% СЕ НАМАЛИЛЕ ПОСЕТИТЕ ВО СПОРЕДБА СО ПРЕТХОДНАТА ГОДИНА) |

## ПРЕПОРАКИ НА ЗАЕДНИЦАТА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА ВО ТЕКОТ НА БРЕМЕНОСТА

**РОМКИТЕ ШТО БЕА ОПФАТЕНИ СО ИСТРАЖУВАЊЕТО ГИ РАНГИРАА СЛЕДНИВЕ ПРЕПОРАКИ КАКО НАЈПРИОРИТЕТНИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА ВО ТЕКОТ НА БРЕМЕНОСТА/ПО ПОРОДУВАЊЕТО:**

- ***ДА СЕ ОТВОРИ ГИНЕКОЛОШКА ОРДИНАЦИЈА ВО ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ***
- ***МАТИЧНИТЕ ГИНЕКОЛОЗИ ДА НЕ НАПЛАЌААТ ЗА ЕХО И ЗА ВАГИНАЛНИ ПРЕГЛЕДИ***
- ***БРЕМЕНИТЕ ЖЕНИ ВООПШТО ДА НЕ ПЛАЌААТ ЗА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ ВО ТЕКОТ НА БРЕМЕНОСТА (ВКЛУЧИТЕЛНО И ПАРТИЦИПАЦИЈА)***

ИНИЦИЈАТИВА
НА ЖЕНИТЕ
ОД ШУТО ОРИЗАРИ

X. E. P. A.

A Member Association of
IPPF International Planned Parenthood Federation
European Network

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА